**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗДРАВСТВО**
**Број 25-2189/**
**10 мај 2012 година**
**Скопје**

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 08 мај 2012 година го разгледа како заинтересирано работно тело

**Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година**

На седницата во својство на претставник на Владата на Република Македонија присуствуваше министерот за здравство Никола Тодоров а во својство на повереник на Владата присуствуваше Верица Пројковиќ од Министерството за финансии.

Во расправата учествуваа членовите на Комисијата: Менде Диневски, Станка Анастасова, Харалампие Шокаровски, Весна Пемова, Миле Пачемски, Андреј Петров, Јордан Пачков и заменик членот Светлана Мазгалоска - Вучетиќ.

Министерот за здравство Никола Тодоров, даде образложение на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година, при што истакна дека со ребалансот на Буџетот ќе се намалат средствата коишто биле планирани во Министерството за здравство за реализација на определени проекти и програми земајќи ги предвид ефектите од должничката криза кои имаат големо влијание врз македонската економија.Имено, со извршените кратења во здравствениот систем нема да се дозволи да дојде до застој во функционирањето на целиот здравствен систем. Се укажа дека политиките на Министерството за здравство ќе бидат насочени кон подобро

искористување на расположливите средства како и овозможување креирање на поголем износ на заштедени средства коишто понатаму ќе бидат реалоцирани и користени за финансирање на проекти во здравството. Воедно истакна дека со преземањето на одредени политики ќе има поголем прилив на средства, како што се средствата што ги добива Министерството за здравство од закупнини кои изнесуваат околу 1 милион евра, се овозможува поголемо ниво на регистрација на лекови, а со тоа и зголемен приход на оваа ставка. Се смета дека со намалувањето на 1299 големо продажни цени на лекови се даваат позитивни резултати, особено на клиниките коишто имаат високи износи на набавка на лекови.Истакна дека голем дел од скратените средства во Буџетот на министерството ќе биде предвидено како трансфер кон Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија кој ќе изнесува околу 500 милиони денари. Се укажа дека тендерот за набавка на леќи и офтамолошки потрошен материјал е во завршна фаза, спроведена е набавка на 70 амбулантни возила која изнесува над 4 милиони евра.

Воедно реконструкциите во здравството ќе продолжат со тенденција на нивно зголемување. Во делот на задолжителната имунизација како и раното детектирање на малигните заболувања, изготвен е план кратењето на средствата во овој дел воопшто да не се одразат врз нормалното функционирање на овие два система. Се смета дека со оглед на светската криза, клучно е да се има добро управување со паричните текови како и рационално искористување на расположливите средства за набавка на целокупниот потребен материјал.

Пратениците Менде Диневски, Станка Анастасова, Светлана Мазгалоска-Вучетиќ и Андреј Петров истакнаа дека пратеничката гупа на СДСМ не ја поддржува потребата од донесување на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година, затоа што со истиот најмногу е погодено здравството, односно финансиските средства на Министерството за здравство се кратат за 12%, а од Фондот за здравственото осигурување се кратат 8 милиони евра. Последиците од ваквите кратења најмногу ќе ги осетат граѓаните и вработените во здравството. Исто така укажаа дека ребалансот на буџетот е прерано поднесен, со оглед на тоа што Буџетот на Република Македонија за 2012 година е донесен пред само четири месеци и со истиот било ветено многу повеќе од она што реално може да се реализира, а што е очигледно од кратењата што сега се прават во секоја програма во Министерството за здравство. Имено, Владата на Република Македонија мора да ги намали непродуктивните и несуштински трошоци кои не се од интерес на граѓаните, а не да крати од здравствената заштита. Исторемено, во однос на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година ги истакнаа следните забелешки и прашања:

-намалена е ставката за изградба на амбуланти во руралните подрачја, иако со овој проект била предвидена изградба на 36 амбуланти и истата требало да заврши до 2010 година;

- иако согласно Законот за здравствената заштита, проектот за интегриран здравствен информатички систем треба да функционира во рок од 1 година, одосно од почетокот на наредната година, истиот сеуште не е почнат;

-се кратат средства за имплементација на електронската здравствена картичка, иако овој проект требало да биде реализиран во рок од 15 месеци. Имено, во Хрватска по една година од примената на електронската здравствена картичка се заштедени 100 милиони евра;

-на кој начин ќе се исплатат 80 амбулантни возила за кои е распишан тендер, со оглед на тоа што со ребалансот не се предвидени средства за нивна набавка;

-образложението дадено во воведот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот не соодветствува со табеларниот дел, затоа што во воведот е наведено дека приоритетни цели се подобрување на здравствената заштита и здравствените услуги на населението, а во табеларниот преглед се врши намалување на сите ставки во здравството;

-во делот на здравствената заштита на превенција има намалување на сите ставки (систематски прегледи на учениците и студентите, задолжителна имунизација на населението, рана детекција на малигни заболувања, превентивна здравствена заштита и др.), иако истите се многу значајни за граѓаните и последиците најмногу ќе ги осетат пациентите;

-се крати од средствата предвидени за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи, како и во програмата за администрација;

- се намалуваат средствата предвидени за набавка на инсулин, кој што во последно време е со полош квалитет;

- зошто поскапуваат сите здравствени услуги? и

-со кратењата предвидени во ребалансот на Буџетот сите започнати проекти ќе мора да се стопираат.

Пратениците Харалампие Шокаровски, Весна Пемова, Миле Пачемски и Јордан Пачков ја подржаа потребата од донесувањето на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година. Воедно во својата дискусија истакнаа:

- со ребалансот на Буџетот во делот на здравството се кратат само 3,5%, додека пак во Фондот за здравствено осигурување се кратат 2,4% од она што било планирано за 2012 година;

- скратени ќе бидат средства предвидени за проекти и активности кои нема директно да влијаат врз здравството и здравјето на луѓето, притоа ќе се продолжи со стратегијата на Министерството за здравство за развој на здравствениот систем како и подобрување на условите за работа на здравствените работници;

-во делот кај малигните заболувања се кратат средства само во делот на едукации и предавања;

-со централната набавка на инсулин ќе се постигне намалување на цената на истиот;

-со ребалансот опфатени ќе бидат активности за набавка на неопходна и софистицирана медицинска опрема со која ќе се овозможи подобрување на здравствените услуги за граѓаните на Република Македонија;

-со изградбата на амбуланти во руралните подрачја ќе се подобрат условите за давање на здравствена заштита на населението во овие подрачја, подобрување на здравјето на населението и намалување на трошоците за пристап до здравствените услуги;

-се очекуваат позитивни ефекти од реконструкцијата и доградбата на објектите на ЈЗУ во Република Македонија, односно подобрен здравствен статус на населението, подобрена состојба на здравствените објекти и услови за давање на квалитетна здравствена заштита на пациентите;

-средствата за ИЗИС-от се намалуваат бидејќи се раскинува договорот со фирмата поради неисплатување на обврските;

-со имплементацијата на електронската здравствена картичка се има за цел подобрување на квалитетот на медицинската нега, безбедност на лековите како и подобрување на услугите на пациентите;

- со спроведувањето на реформите за намалување на цените на лековите направена е заштеда од 355 милиони денари и

-изградбата на Центарот за позитронска емисиона томографија ќе придонесе за развој и ефикасност на дијагностичките процедури во земјата, со што ќе се подобри квалитетот на медицинската грижа на пациентите, а истовремено ќе овозможи Република Македонија да стане важен дијагностички центар за ПЕТ студии во регионот.

Комисијата со 5 гласа “за” и 3 гласа “против” заклучи Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година да го проследи на натамошна постапка во Собранието на Република Македонија.

Овој Извештај да се достави до Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело.

За известител на седницата на Собранието на Република Македонија, Комисијата го определи пратеникот Харалампие Шокаровски.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗДРАВСТВО**
**МЕНДЕ ДИНЕВСКИ**